28.06.2013

ГЖ-877/13

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО ШТИП во совет составен од судиите : Наќе Георѓиев - претседател, Стојанчо Атанасов и Софија Манева - членови, постапувајќи по предлогот за донесување на привремена мерка од доверителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, против должникот Винарска визба Имако Вино дооел Штип, а по жалбата изјавена од жалителот-должникот против решението на Основниот суд во Штип ВПП2 Г.бр.10/13 од 14.05.2013 година, на одржаната седница на ден 12.06.2013 год. го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата изјавена од жалителот-должникот, - СЕ УВАЖУВА.

Решението на Основниот суд во Штип ВПП2 Г.бр.10/13 од 14.05.2013 година, - СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно одлучување.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд во Штип со решението ВПП2 Г.бр.10/13 од 14.05.2013 год. предлогот на доверителот за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување со кој бара да се забрани на должникот да располага со целокупните материјални средства во износ од 230.223.430,оо ден. како и тековните средства- залихи во износ од 85.874.520,оо ден. кои се наоѓаат на ул. Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, да се забрани на должникот да ги отуѓи или оптовари своите недвижности или стварни права кои врз недвижноста се запишани во негова корист, со прибелешка на таа забрана во јавна книга или да ги даде под закуп, да се забрани на должникот да го продава својот удел во друштвото, да се забрани на должниковиот должник да му исплати на должникот побарување или да му предаде предмети, како и забрана да прими предмети, да наплати побарување и да располага со нив и да се наложи на носителот на платен промет на должникот или на трето лице по налог на должникот да не дозволи од должниковите сметки исплата на паричниот износ за кој е дозволена привремена мерка, а која привремена мерка ќе важи до правосилното завршување на постапката која ќе биде покрената против должникот од страна на доверителот по поднесена тужба во рок од 30 дена по донесеното решение за времена мерка, а која е по основ долг, го одбил како неоснован.

Го задолжил доверителот да му ги надомести на должникот трошоците по постапката во износ од 6.122,оо ден во рок од 8 дена по правосилноста на решението.

Од ваквата одлука останал незадоволен должникот кој во навремен рок поднел жалба поради суштествени повреди на одредбите од ЗПП, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, па предлага жалбата да се уважи, а побиваното решение укине и предметот врати на првостепениот суд на повторно одлучување.

Доверителот поднел одговор на жалба со кој ги побива жалбените наводи на должникот па предлага жалбата да се одбие, а побиваното решение потврди.

Апелациониот суд во Штип ги разгледа жалбата, одговорот на жалбата и

сите списи во предметот, го испита побиваното решение во смисол на чл. 354 од ЗПП па најде:

Жалбата е основана.

Основани се жалбените наводи на жалителот да првостепениот суд при донесувањето на побиваната одлука сторил суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП, бидејќи изреката на решението е нејасна и неразбирлива, а и дадените причини за решителните факти се нејасни и противречни и за решителните факти постои противречност помеѓу она што во причините на решението се наведува за содржината на исправите и записникот на исказите дадени во постапката и самите тие исправи и записникот.

Решителни факти кои првостепениот суд со сигурност не ги утврдил се: дали превземените дејствија од страна на должникот како и на единствениот содружник Ристо Љуботенски се насочени кон осуетување на побарувањето на доверителот и дали истите му предизвикуваат штета, и дали поради противзаконит пренос на удел, доверителот повеќе не може да располага и да има било каков пристап до финансиската документација на друштвото, а од правилното утврдување на овие факти и зависи утврдувањето на фактот дали во конкретниот случај се исполнети законски предвидените услови предвидени во чл. 33 од Законот за обезбедување на побарувањата за дозволување на дозволената предложена мерка од страна на предлагачот или не.

Имено, донесувајќи го побиваното решение првостепениот суд предлогот на доверителот за издавање на привремена мерка за обезбедување на парично побарување со кој бара да се забрани на должникот Винарска визба Имако дооел Штип да располага со целокупните материјални средства како и тековните средства- залихи во износите поконкретно наведени како во изреката на решението, и да се забрани на должникот да ги отуѓи или оптовари недвижностите или стварни права кои врз недвижностите се запишани во негова корист со прибелешка на таа забрана во јавна книга или да ги даде под закуп, како и да се забрани на должникот да го продава својот удел во друштвото, и да се забрани на должниковиот должник да му исплати на должникот побарување или да му предаде предмети, како и забрана да прими предмети, да наплати побарување и да располага со нив и да се наложи да се наложи на носителот на платен промет на должникот или на трето лице по налог на должникот да не дозволи од должниковите сметки исплата на паричниот износ за кој е дозволена привремена мерка, а која привремена мерка ќе важи до правосилното завршување на постапката која ќе биде покрената против должникот од страна на доверителот по поднесена тужба во рок од 30 дена по донесеното решение за времена мерка, по основ долг, го одбил како неоснован.

Во образложението на решението како поткрепа на истото првостепениот суд навел дека во конкретниот случај не се исполнети предвидените претпоставки за издавање на времена мерка од чл.33 ст.1 од Законот за обезбедување на побарувањата и дека споровите коишто настанале помеѓу странките можат да ги расчистат во текот на други постапки преку поднесување на тужби со соодветни основи. Ова од причини што тужителот не го сторил веројатно постоењето на паричното побарување кумулативно со веројатноста на постоењето од опасноста дека без таква мерка должникот ќе ја осуети или значително отежне наплатата на побарувањето со тоа што својот

имот односно своите средства ќе ги отуѓи, прикрие или на друг начин ќе располага со нив.

Првостепениот суд со контрадикторни докази сака да го оправда своето решение, па прво наведува дека доверителот не доставил никаков оригинален доказ односно документ поради од кој судот ќе утврди дека навистина договорот за деловна техничко-финансова соработка помеѓу страните од 13.11.2004 год. е навистина реализиран за да веднаш потоа на страна 6 од решението утврди дека бил склучен ваков договор помеѓу нив според кој основната главнина на друштвото изнесува 5.100 евра односно во денарска противвредност износ од 312.400,оо денари а содружниците учествувале во соодноc 51:49 %. Видно и од приложениот договор од 2004 година е дека предмет на договорот е деловна техничка-финансиска соработка во производството и промет со грозје и вино и дека лицето Ристе Љуботенски како сопственик на друштвото дооел Имако и дооел Имако вино се согласува доверителот да пристапи како содружник со 50% од вредноста на капиталот, а со тоа тој требал да ги превземе сите обврски како содружник согласно Законот за трговски друштва. Со вакка противречност и конфузност во побиваното решение, не може да се испита самото решение, односно неговата законитост и исправност.

За судот не е релевантен доказ Информацијата за економско-финансиската состојба и скратениот исказ од годишните сметки, со оценка за работењето за 2011 год. на Винарската визба Имако дооел Штип кој што е и издаден од релевантна државна институција, па дури не се впушта ни во негова оценка, што е голем пропуст на страната на судот, поради што и е сторена погоре наведената суштествена повреда.

Доколку судот извршил правилна оценка на сите докази поединечно и на сите докази заедно согласно чл. 8 од ЗПП, несомнено ќе утврдел дека сите дејствија на должникот, како и на единствениот содружник Ристе Љуботенски, со преносот на удели, се насочени кон осуетување на побарувањето на доверителот, и дека истите му предизвикуваат штета, затоа што повеќе од очигледно е дека се врши отуѓување односно намалување на капиталот-материјалните средства на друштвото, уште повеќе што тоа е во значителен обем, а на штета на доверителот кој несомнено вложил свои парични средства.

Не е јасно е како може за првостепениот суд да не е доволен показател за штетните дејствија на должникот погоре споменатата информација посебно поради фактот што поради противзаконитиот начин на пренос на удел, доверителот и повеќе не може да располага, ниту да има било каков пристап до финансиската документација на друштвото, поради што е поднесено и барање за обезбедување на докази како и кривична пријава. Ова посебно од причини дека и двете друштва во кој содружник е лицето Ристе Љуботенски имаат ист даночен број што се потврдува и од УЈП, но судот тоа не го има во предвид при одлучувањето.

При одлучувањето по спорот, судот немал во предвид дека со превземените дејствија лицето Ристе Љуботенски кој е единствен содружник во двете друштва неовластено извршил пренос на уделот во Трговското друштво за трговија, производство и услуги Имако дооел Штип на лицето Ристе Љуботенски кој се јавува како единствен содужник на Имако вино дооел Штип и за поткрепа на овие наводи се приложени докази и тоа - договорот за пренос на удели од 30.07.2009 година и одлука за истапување и пристапување на содружник од 30.07.2009 година, но првостепениот суд не се впуштил ниту во оценка на овие докази.

При одлучувањето по спорот, првостепениот суд не го имал во предвид ниту фактот дека лицето Ристе Љуботенски му предизвикал штета на доверителот и тоа уште од самиот почеток на деловната соработка со тоа што со превземање на повеќе меѓусебно поврзани противправни дејствија го држел во заблуда дека во друштвото е содружник со 50% од основачкиот влог, а всушност бил со 49%.

При одлучувањето судот го немал во предвид фактот дека постои реална опасност во конкретниот случај од понатамошното отуѓување на материјални средства и залихи на друштвото што е евидентно и од информацијата за економско-финансиската состојба на должникот дадена од Централниот регистар на РМ.

При повторното судење првостепениот суд да ја отстрани сторената суштествена повреда, така што при тоа да ги земе во предвид погоредадените укажувања и со сигурност да утврди дали во конкретниот случај се исполнети закоски предвидените услови за издавање на предложената привремена мерка согласно чл.33 ст.1 од Законот за обезбедување на побарувањата, а од што и зависи донесувањето на правилната и законитата одлука по спорот.

Од сето погоре изнесено а согласно чл.370 од ЗПП се одлучи како во изреката на оваа одлука.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП, -12.06.2013 год.

Претседател на советот,
Наќе Георѓиев с.р.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Управител на судската писарница,